**Во организација на Македонското Патриотско Здружение Тодор Александров во Битола беше организарана панихида за македонскиот револуцонер Параскев Цветков.**



За ликот и делото на Параскев Цветков зборуваше историчарот Ѓорги Чекутков кој истакна дека, Парашкев Цветков е роден на 20 мај 1875  година во градот Плевен, (Бугарија). Познат е уште по прекарот Пролетин.

Параскев Цветков е еден од најдоследните револуционери посветени на македонското револуционерно ослободително движење.

Основно училиште до трети клас учи во родниот град, а четврти и пети односно гимназија завршил во Софија. Потоа три години работел како учител во Плевен. Во 1897 година заминал најпрво воЧешка, во Прага, каде учел филозофија, а потоа и во Германија во градот Дрезден каде завршува музички конзерваториум со одличен успех. По дипломирањето во Германија се враќа во родниот град Плевени работи како учител по музика во Плевенската гимназија. Активно се вклучува во општествениот живот во градот . Диригент е на Плевенскиот хор и стручен оркестар, редактор на весникот „Нова струја“. Поради неговите прогресивни и демократски идеи во Бугарија му забрануваат да делува. Разочаран од ваквиот однос во Бугарија во 1902 година, заминува во Македонија и доаѓа во Битола во тој период еден од најреволуционерните и прогресивни градови на Балканот Учителствувал како професор по музика во Битолската гимназија.





